# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ПО ПРОЕКТОТ ЗА СТРУКТУРНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ПО ПРОЕКТОТ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ПЕНЗИСКАТА РЕФОРМА

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 36/98 од 24.07.1998 год.**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со:

- кредит во износ од 21.600.000 специјални права на влечење (СДР), еквивалент на 29 милиони американски долари наменет за финансирање на Проектот за структурно прилагодување на социјалниот сектор во Република Македонија и
- кредит во износ од 750.000 специјални права на влечење (СДР), односно еквивалент на 1 милион американски долари наменет за финансирање на Проектот за техничка помош за пензиската реформа.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на кредитите од членот 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за кредит по Проектот за структурно прилагодување на социјалниот сектор во Република Македонија и Договор за кредит по Проектот за техничка помош за пензиската реформа, кои ќе се склучат меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

**Член 3**

Рокот за отплата на кредитите од членот 1 на овој закон е 35 години со грејс период од десет години.

Кредитите ќе се отплатуваат во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година, почнувајќи од 15 јуни 2008 година, а завршувајќи на 15 декември 2032 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на Договорот за кредит до денот на повлекување на средствата.

На Повлечените средства од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 3/4 до 1% (0,75%) годишно.
Провизијата од ставовите 3 и 4 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 јуни и 15 декември секоја година.

**Член 4**

Република Македонија кредитот од членот 1 на овој Закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".